РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-300/11
05-09-2023 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 91-та седница одржана на ден 31.08.2023 година ја донесе следнава

ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-300/1 од 16.01.2023 година, со наводи за незаконитости во постапка за унапредување во Општина ----------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување во случајот од причина што спроведените активности наведени во пријавата не преставуваат злоупотреба на службена положба и овластување.

Предметот со број 12-300/1 од 16.01.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 16.01.2023 година, поднесена е пријава со наводи за незаконитости во постапка за унапредување во Општина ---------- и оформен е предмет број 12-300/1 од 16.01.2023 година.

Во пријавата се изразува сомневање за незаконски избор на помошник раководител на сектор за урбанизам во Општина ---------- на кое работно место со одлука на градоначалникот од 09.01.2023 година било избрано лицето ----------. Во пријавата се наведува дека иако ова лице е осудено за кривично дело кое го направила на работното место, а станува збор за тешко кривично дело во областа на урбанизмот, сепак напредува во секторот за урбанизам.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за вршење на вонреден инспекциски надзор до Државниот управен инспекторат во однос на наводите од пријавата.

Од страна на Државниот управен инспекторат доставено е известување со прилог записник од извршен вонреден инспекциски надзор. Во известувањето се наведува дека на ден 13.02.2023 година е извршен вонреден инспекциски надзор во општината и документацијата во која е извршен увид. Во продолжение се наведува дека од страна на управниот инспектор е утврдено дека постапката за унапредување е водена согласно правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката за селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

(Службен весник на РМ, бр.303/2020). Во продолжение се наведува дека при разговорот со службени лица присутни при надзорот, констатирано било дека повикувајќи се на одлуката на Уставен суд У бр. 147/2014 година, при спроведување на постапката за пополнување на работни места на административни службеници од истите не се бара доказ дека со правосилна судска пресуда не е изречена казна забрана на вршење на професија, дејност или должност, што не е во согласност со член 31 став 1 алинеја 5, а во врска со член 30 став 1 од Законот за административните службеници. Во известувањето исто така се наведува дека согласно член 2 од Законот за управна инспекција, Државниот управен инспекторат нема надлежност да ја цени законитоста на актите донесени од органите на државната и локалната власт и нема можност за преземање понатамошни дејствија, врз основа на што во записникот од извршениот надзор е констатирано дека не се утврдени никакви неправилности во работењето на субјектот на надзор и согласно член 83 став 5 од Законот за инспекциски надзор конкретната инспекциска постапка се запира.

Дополнително, ДКСК се обрати до Агенцијата за администрација и Општина --------- со барање да доставаат доказ дека избраниот кандидат го исполнувал општиот услов за пополнување на работното место, односно дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана на вршење на професија, дејност или должност.

Од страна Агенцијата за администрација е доставен одговор во кој се посочува одлуката на Уставниот суд, односно се наведува дека со оваа одлука обврската кон пријавата кандидатите задолжително да прикачат и доказ за неизречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност е укинат, односно со конкретната одлука Уставниот суд сметал дека утврдувањето на тој факт не може да биде обврска на поединецот, туку на надлежниот орган кој врши вработување. Поради наведеното, ДКСК се упатува доказот да го обезбеди од Општина ----------.

Во одговорот од општината, меѓу другото, се наведува дека согласно горенаведената одлука на Уставниот суд општината нема обврска да бара доказ за осудуваност или неосудуваност, особено имајќи предвид дека до општината службено не е доставена никаква пресуда во врска со злоупотреба на службена должност и сторено кривично дело кое административниот службеник го направила на работното место. Во прилог на дописот се доставува потврда дека кон лицето ---------- не е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност.

Од сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека спроведените активности наведени во пријавата не преставуваат злоупотреба на службена положба и овластување по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
-подносителот на пријавата

Изработил: Б.К.Ш.
Одобрил: К.Н., Член на ДКСК

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT Shkup

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик Претседател
Софка Пејовска Дојчиновска